ССМ

# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 17 Мај 2013 година

# ОДРЖАНА КОНФЕРЕНЦИЈАТА “ЛОКАЛНИОТ СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ВО МАКЕДОНИЈА - ПРЕДИЗВИЦИ И ПОТРЕБИ“

Заедничка заложба на сите социјални парнери - Владата, работодавачите и синдикатите, како и на организацијата “УСАИД“, е развивањетона капацитетите и на социјалниот дијалог на локалните заедници преку формирање локални економско - социјални совети




**Сите учесници на конференцијата оптимисти за проектот за основање локални совети**




Д-р Живко Митревски: заедничките заложби се знак на храброст и одговорност на социјалните партнери




Амбасадорот на САД Пол Волерс - во поново време расте интересот за основање на овие корисни институции




Коце Трајановски истакна дека сите општини имаат анализи и стратегии за локалните економски состојби




Министерот Диме Спасов ја нагласи подготвеноста на Министерството за труд за обезбедување секаква стручна помош

Заедничко настојување на сите социјални партнери – Владата, работодавачите и синдикатите, како и на организацијата “УСАИД“, е развивањето на капацитетите и на социјалниот дијалог на локалните заедници. Оттаму цврстата заложба и оптимизмот за формирање на нови локални економско – социјални совети во Република Македонија.

Ове меѓу другото е кажано на Конференцијата “Локалниот социјален дијалог во Македонија – предизвици и потреби“, која денес се одржа во ССМ, во организација на Сојузот на синдикатите на Македонија и на “УСАИД“.

На конференцијата присуствуваа, покрај домаќините од ССМ, градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, амбасадорот на САД Пол Волерс, министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на Организацијата на работодавачи Ангел Димитров, претседателот на КСС Мирјана Андреска, претседателот на УНАСМ Слободан Антовски, претставници на “УСАИД“, Меѓународната организација на трудот и на други организации и институции.

На конференцијата претседателот на ССМ д-р Живко Митревски истакна: “Значењето на денешната конференција е повеќекратно, затоа што се одвива во услови на светска економска криза. Тоа покажува дека формирањето локални економско – социјални совети во Македонија е храбар чекор на социјалните партнери, кои со развојот на социјалниот дијалог ја покажуваат својата општествена одговорност. Познато е дека ССМ на Први мај ја промовираше својата Кампања за формирање локални економско – социјални совети.

Република Македонија направи исчекор во 2010 година кога се формираше Економско – социјалниот совет. Донесени се историски закони, како Законот за минимална плата, Законот за европски работнички совети, сега и Законот за мобинг. Усвоени се 19 европски директиви, што се чекори кон она што сите го посакуваме – влегување на Република Македонија во Европската Унија“.

Градоначалникот на град Скопје и претседател на “ЗЕЛС“ Коце Трајановски зборуваше за важноста на локалните власти во формирањето локални економско – социјални совети. Во 80 општини во државата постојат посебни структури кои имаат изработено анализи и стратегии за економската состојба, за потребите и перспективите, така што тие претставуваат стратешка база за ЛЕСС. Без квалитетна локална аминистрација не е можно развивање на социјалниот дијалог и тој услов постои.

Амбасадорот на САД Пол Волерс ја истакна поддршката на Владата на САД и на организацијата “УСАИД“ со нејзиниот “Yes“ – проект за формирање ЛЕСС во Македонија. Позитивно е што во последно време расте интересот за постоење вакви институции. Изградбата на социјалниот дијалог не е лесна работа, затоа што се потребни постојани капацитети и висока јавна свест. ЛЕСС можат да бидат важни институции, затоа што своите потреби можат да ги искажат сите лица, без оглед на социјалните, етничките, половите и сите други разлики.

Социјалниот дијалог на локално ниво треба да ги развива сите форми  на дијалог, рече министерот за труд и социјална политика Диме Спасов. Локалните економско – социјални совети можат да разрешат многу проблеми, посебно на анализирање на потребите на пазарот на трудот. Министерот ја потенцираше подготвеноста на Министерството за труд за понатамошна соработка и обезбедување стручна поддршка и помош.

Во текот на конференцијата беа извршени неколку презентации: “Презентација на активностите на локалните економско – социјални совети во Штип, Струмица, Куманово и Прилеп“, “Презентација на активностите на Националниот економски и социјален совет“,  “Презентација на резултати од Анализите на локалниот пазар на труд спроведени од ЛЕСС на општините Струмица и Тетово“, “Презентација на активностите на Агенцијата за вработување“, додека на присутните им се обрати Ѓорѓи Кушевски, директор на “УСАИД“ – проектот “Мрежа Yes“.

## Кампањата на ССМ започна со остварување
## ВО БИТОЛА ОСНОВАН ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО – СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ

**Локалната самоуправа, работодавачите и синдикатите потпишаа Спогодба за формирање Локален економско - социјален совет во Битола, кој е прв формиран после промоцијата на Првомајската кампања на ССМ**




При потпишувањето нагласено дека за советот младите се првата целна група

Како што е познато, Сојузот на синдикатите на Македонија на Први мај ја промовираше Кампањата за формирање локални економско – социјални совети. Првиот чекор е направен во Битола, каде на 30 мај е формиран Локален Економско – социјален совет.

Спогодбата ја потпишаа градоначалниот на Битола Владимир Талески, директорот на УСАИД Роберт Вурт, претседателот на ССМ д-р Живко Митревски, претседателот на КСС Мирјана Андреска и Димитар Стојановски од Организацијата на работодавачи на Македонија.

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски истакна дека значењето на овој чин, кој е потврда на стратегијата на ССМ за потребата од институционализирање на социјалниот дијалог, е особено значаен за локалните заедници, а со оглед на поволностите во делот на креирањето на социјалните и економски политики, анализа за потребите на трудот, јакнење на социјалниот дијалог во локалната самоуправа, анализа за потребите од формално и неформално образование и усогласување на потребите на трудот и локалната заедница.

Посебна карактеритика на локалниот економско-социјален совет е проширениот состав и со претставници од невладините организации, а посебно младинските организации, занаетчиски комори, претставници на стопанственици и стопанската комора, претставници на високото образование и универзитетот и други субјекти.

Се очекува Локалниот Економско-социјален совет да биде одговор и на предизвиците наметнати од кризата и да биде фокусиран особено на креирање на нови работни места за младите.

Претседателот Живко Митревски исто така се заблагодари за поддршката на УСАИД, како и на градоначалникот на општина Битола и на останатите социјални партнери.

Претходно, на 21 мај, претседателот на ССМ д-р Живко Митревски и градоначалникот на Битола Владимир Талески постигнаа Договор за потпишување спогодба за формирање на Локален економско – социјален совет во градот. Во таа прилика Митревски рече дека ССМ оваа година ја посвети на една исклучително значајна кампања за креирање локални економско – социјални совети, како органи со советодавно – консултативна функција. Советите ќе бидат во функција на подобрување на социјалниот дијалог, креирање нови работни места, посебно за младите лица, идентификување на потребите на пазарот на трудот, посебно меѓу приватниот и јавниот сектор. Исто така цели се утврдување и правење соодветни анализи за потребите на образованието и утврдување динамика за преквалификација - истакна претседателот д-р Живко Митревски.

Градоначалникот Владимир Талевски изјави: Целта е да се создадат што поголем број работни места за нашите сограѓани. Работиме заедно со “USAID“, кои се практично дел од овој голем проект, и со Сојузот на синдикатите на Македонија, со нашиот регионален синдикат, односно Регионалниот синдикален совет на ССМ во Битола. Ќе согледаме аспекти кои сме ги споменувале на повеќе места и на повеќе начини, но сега сето тоа систематизирано ќе го правиме како еден вид програма. Повеќе би се заложиле за што поголем број вработувања, со можеби не којзнае колкави плати, но идејата е да се создадат можности за вработување на оние категории луѓе кои немале можност да се вработат .

На средбата од страна на ССМ присуствуваа секретарот на ССМ Анѓелко Анѓелковски, претседателот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита Љубиша Каранфиловски и секретарот на Регионалниот синдикален совет на ССМ во Битола Симон Силјановски.

## СРЕДБА СО УСАИД ЗА СОРАБОТКА ВО ОСНОВАЊЕТО ЛОКАЛНИ ЕКОНОМСКО—СОЦИЈАЛНИ СОВЕТИ

Сојузот на синдикатите на Македонија и невладината организација “УСАИД“ имаат блиски ставови и цели околу основањето и функционирањето на локални економско – социјални совети, така што може да се координира блиска соработка.

Ова е заеднички заклучок на средбата на претставници на оваа невладина организација со раководството на ССМ на 15 мај, на која присуствуваа претседателот д-р Живко Митревски, секретарот Анѓелко Анѓелковски, раководителот Слободан Трендафилов и советникот Лидија Насковска од страна на ССМ, додека “УСАИД“ го претставуваа Марија Игнатова – Ѓосева, специјалист за јавно – приватен дијалог и Ѓорѓи Кушевски, директор на проектот “Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување“.

Претседателот Митревски изнесе дополнителни информации околу Кампањата на ССМ за основање економско – социјални совети, која беше промовирана на Први мај. Разговарано е со повеќе општини, контактите се интензивни, така што во текот на оваа година може да се очекуваат спогодби за основање на локални ЕСС и во други градови, меѓу кои Битола, Велес, Ресен, Гостивар и други, информираше Митревски.



**Наскоро се очекува формирање локални совети во други градови**

Марија Игњатова – Ѓосева истакна дека доста е напреднат дијалогот во Битола, каде социјалните партнери покажуваат голема сериозност во поглед на основање локален совет. Посебно треба да се размислува за моделите за локални ЕСС во општините во Скопје, со оглед на посебната административна организираност на главниот град, но во секој случај се контактира и со градоначалникот на град Скопје, така што постојат опции за локални совети на ниво на општини или на ниво на град.

Состојбите, капацитетите и можностите се разликуваат од еден во друг регион, така што се посебни и потребите во секој град, иако во сите места како приоритетен проблем се јавува вработувањето на младите, додаде Ѓорѓи Кушевски.

На средбата се разговараше за организирање заедничка конференција на почетокот на месец јуни, на која би присуствувале трите социјални партнери, заинтересираните општини и општините со формирани локални ЕСС, кои би ги пренеле своите искуства. Исто така треба да се разгледаат релациите меѓу локалните и националниот Економско – социјален совет.

Во постојните совети во петте градови партиципираат претставници на локалните самоуправи, синдикатите и работодавачите. По потреба се вклучуваат и невладини организации, граѓански здруженија и други локални структури. Во некои локални совети се изработени анализи за потребите на пазарот на труд, подготвени се акциски планови и начини за нивна реализација.

Ова не е прва средба на ССМ и “УСАИД“ околу оваа агенда. Со оглед на блискоста на целта двете организации и досега соработуваа околу организирањето на локални совети.

## ИЗВЕШТАЈ НА МОТ ЗА ЕКОНОМСКО – СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ ВО МАКЕДОНИЈА

Меѓународната организација на трудот во својот Извештај за годинешната Меѓународна конференција на трудот во јуни во Женева посочува посебен простор за основањето и функционирањето на Економско – социјалниот совет во Република Македонија.

Националниот координатор за МОТ во Република Македонија Емил Крстаноски информира дека извештајот претставува пресек за состојбите со социјалниот дијалог во светот. Доставен е до сите 196 земји членки на МОТ и поставен е на агендата на Меѓународната конференција.

Го пренесуваме во целост делот на Извештајот за Република Македонија.

**“Ревитализација на трипартизмот во поранешна Југословенска Република Македонија**

Во август 2010 година, Економско-Социјалниот Совет започна да работи со нов состав и под нови прописи. Техничката помош на МОТ беше инструментална и за двата резултати.

По застапувањето и советодавните услуги обезбедени од страна на Канцеларијата, Законот за работни односи беше изменет во 2009 год., за да вклучи нови критериуми за репрезентативност на социјалните партнери, заедно со транспарентна постапка на сертификација.

Преку проект за техничка соработка, МОТ обезбеди технички совети, што доведе до признавање на два репрезентативни синдикати и на една организација на работодавачи. Составот на новиот ЕСС подобро ги одразува тековните индустриски односи.

МОТ ги олесни и придонесе со правни советодавни услуги за преговорите за новите трипартитни договори со кои што се уредува организацијата и функционирањето на ЕСС.

Договорот, потпишан во 2010 година од страна на премиерот и претседателите на повеќето организации претставници на работниците и на работодавачите на национално ниво, предвидува проширена улога на ЕСС, во согласност со меѓународните стандарди на трудот, како и обврска на Владата да побара мислење од ЕСС за широк спектар на прашања поврзани со работната сила, вработувањето и социо-економскиот развој и да обезбеди повратни информации за следење на мислењата на ЕСС, препораките и предлозите.

Од август 2010 год., ЕСС се среќава редовно, на секои два месеца. Во септември 2011 год. се согласи за националната минимална плата, која беше донесена од страна на Собранието, прв пат во 20 години.“

### Интервју на претседателот Митревски за “Економски.мк“

# ПРОТЕСТИ ЌЕ ИМА КОГА Е ПОТРЕБНО

**На 1 мај порталот “Економски.мк“ објави опсежно интервју со пресседателот д-р Живко Митревски. Интервјуто го пренесуваме во целост.**

ССМ не се откажува од протести тие се едно од средствата кои во текот на целата година го користиме таму каде што е потребно, протести и манифестации ќе има кога ќе има масовни бркања од работа, кога ќе има намалување на плати, протести ќе има кога ќе има зголемување на пензиските граници, протести ќе има кога нема да функционира социјалниот дијалог“, вели во интервју за Економски.мк, претседателот на ССМ, Живко Митревски. Според него, многу подобро е 1 Мај да се одбележува со кампањи за заштита на работниците, отколку со манифестации на улица. Тој вели дека се уште има проблеми со заштитата на работничките права, но состојбата е многу подобра споредено со пред неколку години.

**Економски.мк: Кои работнички права најчесто се кршат?**

**Живко Митревски:** ССМ останува како еден од најзначајните




институционални фактори во одбраната на работничките права кои своите услуги во таа насока ги реализира преку здружените синдикати, но, и преку добро организираната правна инфраструктура која е присутна во сите градови и која нуди бесплатна правна помош. Во текот на изминатата година во ССМ имало вкупно 2.789 обраќања од кои најголемиот дел биле поврзани со неуплатени придонеси од плата за пензиско и инвалидско осигурување (338), неисплатени плати 370, како и во делот на неисплатување на надоместоци утврдени во одделни колективни договори и во делот на регресот за годишен одмор и јубилејни награди. Нашите анализи покажаа дека за разлика од претходниот период, најверојатно и заради зголемената казнена политика, ажурноста во водењето на постапките, превентивното делување од страна на нашите служби, едукацијата на работниците во делот на правната заштита и кампањите околу запознавањето на правата по основ на работен однос придонесоа за намалување на бројот на кршење на правата од работен однос.

**Економски.мк:Дали синдикатот е задоволен од соработката со инспекторатот и државата?**

**Живко Митревски:**Основна заложба на ССМ, покрај останатото, беше да се постигне висок конзензус за одбраната на работничките права и за доследно почитување на правилата на МОТ за достоинство на работењето и достоинство на трудот. Во оваа насока заедно со надлежните министерства и институции од државата отворивме широк фронт и обезбедивме платформа за дејствување и се обврзавме со потпишување на Пактот за обезбедување на пристојна работа, кој е долгорочен документ и кој не обврзува на заедничка соработка во однос на одбрана на интересите на трудот. Како резултат на ова, воспоставивме многу поинтензивни контакти со инспекторатот за труд и реализирани се повеќе инспектирања врз претпријатија каде што имавме идентификувано дека се кршат правата по основ на работен однос и посебно правата за непочитување на безбедни здрави услови при работа. Бројот на повредите и бројот на обраќањата покажа дека само со заедничко дејствување може да се постигне успех и како резултат на тоа бевме вклучени и во повеќе заеднички проекти кои ја обезбедуваат оваа цел. Факт е дека последните две-три години има значајно подобрување на соработката, но сепак мислиме дека и понатаму има простор инспекторатот да се доекипира со нов број на млади, стручни и обучени кадри.

**Економски.мк: Донесен е Закон за минимална плата, но има проблеми при исплатата? На што се жалат најмногу вашите членови?**

**Живко Митревски:** ССМ по повод одбележувањето на Први мај во 2011 година поведе целогодишна кампања за донесување на Законот за минимална плата. Во 2012 година истиот е донесен, и од аспект на временска дистанца од 1 година, ако во првиот момент неговата примена беше од околу 70% до 80%, најновите анализи кои ги направија и ССМ и Организацијата на работодавачи на Македонија покажаа дека неговата примена е над 90%. Останува со зголемена активност на сите социјални партнери, посебно на синдикатите и инспекторатот, да го решаваат проблемот кај злоупотребите што се прават во малите микро претпријатија и во злоупотребите кои беа констатирани при повраток на средства. Ние ги охрабруваме сите оние работници кои сметаат дека не им се исплаќа минималната плата веднаш да реагираат до ССМ и до соодветниот инспекторат, а во делот на платите најчесто е жалбата околу неплаќањето на прекувремената работа и неисплаќањето на одредени надоместоци.

**Економски.мк: Дали ССМ во моментов работи на нов проект во правец на поголема заштита на работничките права?**

**Живко Митревски:** ССМ во последните три години работеше на два значајни концепти во правец на поголема заштита на работничките права од една страна, подобрување на работното законодавство, а од друга страна подобрување на концепотот на работнички стандарди. Во тој концепт имплементирани се 19 директиви од ЕУ , ратификувани се 5 нови конвенции од кои за регулирање на социјалните клаузули во јавните набавки , конвенцијата за заштита на мајчинството, конвенцијата за промотивна рамка за безбедност и здравје, а во процедура се и ратификација на 3 нови конвенции од кои 2 посебно значлајни за состојбата на работниците во јавнијот сектор.Завршени се два концепти кои беа посветени на посебна заштита на ранливите категории на работници млади и жени со кои се забрануваат сите облици и на дискриминација како при заснования на работниот однос, така и при вршење на работниот однос од страна на работничките по однос на бременост, раѓање и мајчионство, дополнет е концептот во борбата против вработувањето на црно, со елиминирање на злоупотребите на бланко изјавите и спогодбените откази, зголемени се мандатните казни за непријавените работници, утврдена е обврска во оние претпријатија каде се затекнати повеќе од три непријавени работници работодавачот да исплаќа 70% од платата, она што е исто така многу значајно за првпат се уредува работно-правната положба на сезонските работници, а со сите овие мерки поттикнато е трансформирањето на работниот однос од определено на неопределено работно време.Она што сметаме да се прави во текот на идниот период е да се отвори прашањето за воведување на концептот на работничка партиципација , односно учество на работниците во управувањето и одлучувањето и формирање на совети на вработени, сериозно ќе го наметнуваме и прашањето околу потребата од судовите за решавање на работни спорови, и подобрување на социјалниот дијалог на локално ниво.

**Економски.мк: Дали во Македонија се почитува трудот?**

**Живко Митревски:**Прашањето за почитувањето на трудот во РМ е доста специфично ако се има во предвид дека истото се поставува во услови на глобална финансиска, економска и должничка криза која секако влијае врз позициите на трудот и неговото достојно вреднување. Од ССМ може најодговорно да кажеме дека концептот на подобрување на работното законодавство кој го реализиравме со социјалните партнери, концептот на подобрување на работнички стандарди, донесувањето на Законот за минимална плата, како и низа концепт на мерки насочени кон поттикнување на процесот на вработување влијаеше да не ги нарушиме трите основни столба кои беа во фокусот на нашата стратегија. Прво, обезбедувавме атмосфера за градење на сигурен работен однос, односно настојувавме и обезбедивме да нема масовни бранови на отпуштање на работници, второ, иако во РМ и според наши видувања постојат ниски плати сепак успеавме да не дозволиме ваквите плати да одат надолу , а во меѓувреме по воведувањето на Законот за минимална плата во сите колективни договори кои беа покасно потпишпани има поместување на висината на платите нагоре. Извештатите во делот на оценката на подобрување на мерките кои одат во прилог на заштита на социјалната економска состојба, бројот на регистриртаните претставки за разлика од минатите години, зголемувањето на казните и зачестените инспектирања покажуваат дека во Македонија има подобрување во делот на почитувањето на трудот, но сепак остануваат голем дел на прашања за кои што сметаме дека има потреба да се решаваат, а особено во делот на почитувањето на трудот во малите и микро претпријатија.

**Економски.мк: Дали работодавачите стекнаа навика да исплаќаат работа во празник и прекувремени саати?**

**Живко Митревски:** Иако во Македонија на некој начин често пати беше присутна навиката да не се исплаќа работата во празник и прекувремени саати најновите податоци покажуваат дека има позитивно приближување на овој план, дека драстично се намалува бројот на таквите појави кој порано навистина беше голем, истовремено и понатаму остануваме на констатацијата дека само преку колективно синдикално организирање работниците можат да ги остварат своите идивидуални и колективни права, дека само преку синдикатите во услови на ново воспоставениот општествено-економски и политички систем можат да се зачуваат вредностите на трудот, вклучително и остварувањето на овие права.

**Економски.мк: И оваа година нема протест за Први мај. Зошто Македонија отстапува од светските практики?**

**Живко Митревски:** ССМ и оваа година реши Први мај да го одбележува во текот на цела година кампањски, а не само еден ден. ССМ цени дека за нас е многу побитна содржината , побитни се резултатите од активностите кои имаме намера да ги спроведуваме во текот на цела година отколку формата која е поврзана и во голема мерка не ги дава резултатите. Нашата тригодишна стратегија во делот на одбележување на Први мај се покажа многу попродуктивна, поуспешна и е поврзана со конкретни резултати. 2010 година имавме одбележување на мај со кампања за организирање и мобилизирање на ново членство која заврши со 26.000 нови членови. 2011 година овој празник го одбележувавме со едногодишна кампања за донесување на Закон за минимална плата и како што знаете Законот за минимална плата беше донесен на почетокот од 2012 година и истиот има историска димензија во поглед на дополнување на социјално-економската сигурност на работниците. Минатата година, имавме кампања за донесување на Закон за забрана за психичко вознемирување – МОБИНГ која што исто така успешно заврши и овој Закон влезен е во собраниска процедура. ССМ е сериозна и одговорна организација на работниците посветена на остварување на нивните права и за нив се бори секојдневно , секојдневно се соочува со проблемите, секојдневно ги решава проблемите и нуди консултивни и одговорни решенија. Фокусирани сме на резултати, фокусирани сме на остварување на содржината, фокусирани сме на подобрување на социјално-економската положба со нудење на конкретни решенија кои не се поврзани само со еднодневно одбележување карактеристично за одредени невладини организации и структури кои само еднаш годишно се појавуваат, манифестираат без притоа да полагаат одговорност или обврски за нивното работење. ССМ не се откажува од протести тие се едно од средствата кои во текот на целата година го користиме таму каде што е потребно, протести и манифестации ќе има кога ќе има масовни бркања од работа, кога ќе има намалување на плати, протести ќе има кога ќе има зголемување на пензиските граници, протести ќе има кога нема да функционира социјалниот дијалог. Нашата основна заложба е дека финансиската сложена економска и должничка криза треба да се решава конструктивно, организациски, рационално , а не формално и манифестно како што некој сака да претендира. ССМ останува на стратегијата севкупните проблеми на општествено-економското и социјалното живеење да ги решава на конкретен начин со конкретни резултати.

# УСПЕШНО ЗАВРШУВАЊЕ НА КАМПАЊАТА НА ССМ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МОБИНГ




**На пресот истакнато дека ова е трет стратешки закон што се носи по иницијатива на ССМ**

Денес, 10 јуни, е прв ден од примената на Законот за мобинг, чие донесување е од исклучително значење за уредувањето на односите во работните средини. Донесувањето на законот е од историско значење, затоа што ќе придонесе за создавање здрава работна средина и релаксирани односи..

Ова го изјави претседателот на ССМ д-р Живко Митревски на конференција за печат, која се одржа по повод донесувањето на Законот за мобинг и почетокот на неговата примена..

Им се заблагодаруваме на сите субјекти кои придонеса проектот со законот да биде успешно завршен. Тоа се гранските синдикати, секциите на жени, Канцелаеријата за помош и едукација на шртвите од мобинг при ССМ, голем број невладини организации и граѓански здруженија, посебно работните групи во Министерствотso за труд и социјална политика, а од пратениците би ја истакнал пратеничката Лилјана Поповска, која од почеток беше присутна во сите иницијативи.

Значењето на законот се согледува и според показателите за предизвиканите штети. Имено, месечно во Република Македонија се трошат 800.000 евра за лекување на здравствените последици од мобинг, што значи дека годишно штетите изнесуваат околу 10 милиони евра.

Анкетата што ја спроведовме со Синдикатот на финансиските дејности покажа дека 42 отсто од испитаниците се изјасниле дека се жртви на психички вознемирувања на работното место. Задоволни сме што постојат сериозни санкции, од пет до шест илјади евра казни за вршење мобинг и до четири илјади за одговорното лице. Работодавачите се должни во рок од три месеци да ги известат работниците за законот, додека е внесена и категоријата надомест на штета. Донесувањето на законот е верификација на социјалниот дијалог во Македонија. Између останатото и верификација на кампањата на ССМ од минатата година. Ова е трет стратешки законо што се носи по иницијатива на ССМ.

Артемис Периќ од Проектниот тим на Канцеларијата за помош и едукација на жртвите од мобинг при ССМГи охрабруваме работниците да се заштитуваат и да ги остваруваат своите права врз основа на овој закон, порача Митревски. Слободно нека се обраќаат до правните застапници на ССМ, до гранските синдикати и Канцеларијата за помош. Апелираме и до работодавачите да ги почитуваат работничките права и да придонесат во создавањето релаксирани индустриски односи. Ќе сториме се законот да не остане на хартија, туку вистински да заживее и во тој правец ССМ ќе спроведува дополнителна едукација на членовите за мобингот.

Претходно Владата на Република Македонија, на почетокот на месецот, го усвои Предлог законот за заштита од вознемирување на работното место, кој ќе служи за заштита и на работниците и на работодавачите. Портпаролот на Владата Александат Ѓорѓиев на 11 мај на прес конференција изјави дека законот е резултат на заедничкиот напор на социјалните партнери.

- Овој Закон се носи за прв пат во нашата земја. Тој е на директно барање на синдикатите кое беше разгледувано и е прифатено и овозможено од страна на Владата. Со овој закон се истакнува јасната политичка волја на Владата за сериозно подобрување на работничките права и за достигнување на повисоки стандарди во нивната промоција. Тој е конкретен и позитивен резултат на меѓусоцијалниот дијалог", рече владиниот портпарол, Александар Ѓорѓиев, додавајќи дека Законот има примена на работодавачите, вработените, кандидатите за вработување, како и на лица ангажирани со договори, а со него се врши јасно дефинирање и опис на ситуациите на психичкото и полово вознемирување.

Психичко вознемирување согласно овој Закон, е секое негативно однесување од поединец или група кое се повторува и претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на вработениот и предизвикува чувство на страв или создава непријатност, пониженост, чија крајна цел може да биде повреда на физичкото и менталното здравје, компромитирање на професионалната иднина на вработениот, престанок на работниот однос или напуштање на работното место.

## КОНФЕРЕНЦИЈА НА ITUC—PERC ЗА ОДАНОЧУВАЊЕТО, НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И КОРУПЦИЈАТА




**Претседателот д-р Живко Митревски ги ставовите и стратегијата на ССМ во однос на овие појави**

На 21 и 22 мај во Скопје, во хотелот "Арка", во организација на Светската конфедерација на синдикатите (International Trade Union Confederation - ITUC) и на Паневропскиот регионален совет – PERC, се одржа Конференција за градење синдикални стратегии за оданочувањето, неформалната економија и корупцијата.

Воведното излагање го изложи претставникот на ИТУЦ Ениса Салимовиќ. Григор Градев, извршен секретар на ИТУЦ – ПЕРК, зборуваше на тема "Информализација на корупцијата", Христина Петкова за "Формирање нерегистрирани фондови и употреба на плати, трансакции со кеш, поткуп", Христина Митрева за "Политика на прагови на социјалните придонеси за пензии и здравство во фондовите", Крастјо Петков за "Активности за организирање домашни работилници во Бугарија и Југоисточна Европа", додека Мартин Хутсебаут од Европската конферeдација на синдикати зборуваше на темата "Оданочување".

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски зборуваше за значењето на овие општествени состојби и ги изложи ставовите и оперативните залагања на ССМ.

На конференцијата присуствуваа претставници на повеќе синдикати од Југоисточна Европа, кои расправаа за градење стратегии на синдикатите за дејствување против овие појави.

# СРЕДБА СО СИНДИКАТОТ “ТУРК МЕТАЛ“



Гостите од Турција со раководството на ССМ - синдикатите треба да се обединуваат како одговор на концентрирањето на светскиот капитал

Синдикатот од Турција “Турк метал“ и Сојузот на синдикатите на Македонија имаат идентични ставови за меѓусебната соработка на многу полиња, гласи заедничкиот заклучок на средбата во ССМ меѓу раководствата на двете синдикални организации на 28 мај.

На средбата од страна на ССМ присуствуваа претседателот д-р Живко Митревски, секретарот на Советот на ССМ Анѓелко Анѓелковски и претседателот на СУТКОЗ Зоран Георгиевски, додека од “Турк метал“ беа претседателот на огранокот во Баликешир Недим Веске, секретарот на огранокот во Кирикале Чихан Јаха, синдикалниот претставник во Бурса Месут Ердем и Деврим Думан од Меѓународното одделение.

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски ги запозна гостите со агендата и постигнувањата на ССМ во изминатите три години. Митревски нагласи дека постојат можности за заедничко аплицирање за ЕУ – проекти. Следен аспект на соработката би било развивање на заштитата на работничките права за работниците во турските компании во Македонија. Бидејќи двете земји се кандидати за Европската Унија постои простор за размена на искуства во процесот на евроинтеграцијата. Сведоци сме на глобална концентрација на капиталот, така што логичен одговор е соработка и обединување на синдикатите.

Недим Веске исто така информираше за состојбите во турските синдикати. “Турк метал“ е член на националниот синдикат “Туркиш“, каде членуваат 33 грански синдикати. Досега се има изборено за повеќе бенефиции на турските работници, како загарантираната плата, обезбедување отпренини и други погодности. Инаку “Турк метал“ со 151.000 членови е еден од поголемите синдикати во “Туркиш“.

На средбата се договараше и за средби на експерти од двете страни за развивање на соработката, за консалтинг за проекти, како и за соработка на секциите и клубовите на млади, додека околу безбедноста и здравјето гостите сугерираа дека е корисно да учествува и организацијата на работодавачи “МЕСС“.




# ШКОЛА НА СЕКЦИЈАТА НА МЛАДИ ПРИ СГИП

Од 24 до 26 мај 2013 година во Маврово, Република Македонија, се одржа Првата летна школа на Секцијата млади на СГИП. Преку 40 млади учесници, вработени во секторот градежништво, имаа прилика да слушнат за активностите на Синдикатот и неговата улога.

На семинарот присуствуваа учесници на младинските секции на синдикатите од регионот: членови на Секцијата на млади при Самостојниот синдикат “Путеви Србија“, Синдикатот за градежништво и индустрија за градежни материјали на Црна Гора, Синдикатот за градежништво, шумска индустрија и јавни услуги на Албанија и Независниот синдикат за градежни работници Албанија.

На Првата летна школа беше промовирана брошурата изготвена од страна на Секцијата со мото "Млади сме, градиме иднина!"

Учесниците на семинарот имаа прилика да слушнат за Законот за работни односи и колективните договори, улогата на СГИП во надминување на проблемите на младите преку Секцијата на млади, зачленување нови членови и за синдикалното лидерство. Од страна на предавачите беа спроведени и вежби на кои учесниците ги истакнуваа своите проблеми од работен однос и даваа идеи како да се надминат истите преку заедничка работа. Гостите од регионот исто така истакнаа дека младите во нивните земји имаат исти проблеми. Посебен акцент се стави на несигурната работа на младите, договорите на определено време, неисплаќање на прекувремената работа и стапката на невработеност кај младата популација. Бидејќи овие проблеми се заеднички за сите млади од нашиот регион Првата летна школа беше идеална за размена на искуства и правење стратегија за заедничко делување на младите од регионот и пошироко.

Заедничката порака гласи: „Праќаме силна порака како Секција млади на СГИП до Летниот камп во Мајерхофен, Германија и до другите синдикати во Европа и светот дека Синдикатот е солидарна организација која заеднички треба да делува и меѓусебно да соработува како на својата територија така и со останатите синдикати. Нашата идеја е ова да продолжи и да се истакнуваат активностите на младите и на Конгресот на BWI преку резолуцијата на млади. Оваа идеја за одржување на Летната школа произлезе од активностите на младите минатата година преку остварените кампањи за Задржување на младите умови во државата, Стоп за работата на црно како и подигање на свеста на младите преку нашето неформално образование да внимаваат какви договори за работа потпишуваат бидејќи со исти или слични проблеми се сретнуваат младите во целиот свет. Се надеваме дека со поддршка на BWI ќе продолжиме со активностите на Секцијата на млади на СГИП и ќе успееме како млади членови на Синдикатот да допринесеме подобро утре за сите останати работници."

## ПРИЛЕПСКИОТ СУД ЈА ОДБИ ТУЖБАТА ЗА НЕЛЕГИТИМНОСТ НА ШТРАЈКОТ ВО “МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ“




**Работниците на комбинатот на штрајк**

Основниот суд во Прилеп донесе пресуда во корист на Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање (СГИП) и Синдикалната организација на “Мермерен комбинат“ – Прилеп. Со пресудата се отфрлаат барањата на раководството на АД “Мермерен комбинат“ за прогласување на два штрајка за нелегитимни, како и за надомест на штета од 1,5 милиони денари, соопштуваат од Синдикатот СГИП.

Оваа одлука е од историско значење, затоа што за првпат во Република Македонија синдикат е тужен за организирање штрајк. Исто така ги охрабрува работниците своите права да ги остваруваат и преку штрајкови, доколку примарните средства, преговарање и договарање, не даваат резултати.

Барањата за двата штрајка во АД “Мермерен комбинат“, кои беа организирани минатата година, беа зголемување на платите, кои не се променети десет години, иако трошоците на живот се зголемени за 30 отсто и компанијата работи профитабилно. Менаџерскиот тим на компанијата реагираше со тужбени барања за нелегитимност на штрајковите и за претрпена штета поради прекините за време на штрајковите.

Од СГИП информираат дека продолжуваат активностите околу донесување колективен договор на ниво на работодавач. Синдикатот СГИП се надева дека со донесување колективен договор ќе се дорегулираат работните односи и ќе се отвори пат за дијалог со раководството околу сите прашања.




# РЕГИОНАЛНИ СИНДИКАЛНИ ПРЕТСТАВНИШТВА И СИНДИКАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ

## РСП БИТОЛА

Околу Кампањата за локални економско – социјални совети во Битола се одржаа неколку крупни зафати. На 1 мај во РСП се одржа прес конференција за ифнормирање околу Кампањата, на 21 мај беше постигнат договор со градоначалникот, ко беше медиумски претставен, додека на 30 мај беше потпишана Спогодба за основање Локален Економско – социјален совет на Битола.

На 14 мај е посетена конфекцијата "Саитис", која има околу 700 вработени, околу нови зачленувања на работниците. Констатирано е дека и покрај се постои желба за зачленување, така што и понатаму ќе се дејствува во овој правец.

Со иста цел е посетена конфекцијата "Родон", каде во текот на месцот се одржани две средби. Првата се одржа во просториите на РСП, а другата во претпријатието, каде присуствуваа сопственикот, директорот и раководителот за човечки ресурси. На 16 мај е договорено за две недели да се одржи нова средба за утврдување на понатамошните активности.

На 15 мај е одржан семинар во организација на СГИП и со помош на Фондацијата "Фридрих Еберт". Тема на семинарот беше "Улогата на СГИП во заштитата на правата на вработените" и зачленување нови работници. Предавачи беа членови од Секцијата на млади, додека учесници беа претежно млади, вработени во градежните претпријатија во регионот. На оваа средба на "БВ Инженеринг" – Битола е доделен рекламен материјал и пристапници.

Во "Здравствен дом – Битола", после посетата на Државниот инспекторат за труд – Битола, на 29 мај се одржа средба со претставникот на установата Силвер Димитров околу разрешување проблемите со лошиот систем на распоред на работното време, користењето на дневен и неделен одмор, сменското работење и други прашања. Резултат на интервенциите е разрешување на овие прашања, односно постапување според Законот за работни односи.

## РСП ВЕЛЕС

Покрај повеќето интервенции, во вид на приговори, барања и мислења, за членовите во однос на прекувремена работа и повреда на синдикални права, одржана е средба со вработени во "Брако", во врска со нивно зачленување во СИЕР.

## РСП ДЕЛЧЕВО

На 1 мај е одржана прес конференцуија за кампањата за локални економско – социјални совети.

Правна помош за работничка од АД "Палтекс" за право од пензиско и инвалидско осигурување, за што е изготвено барање до Државната комисија за одлучување во управна постапка.

## РСП КАВАДАРЦИ.

Во месец мај е пружена правна заштита на 116 странки од подрачјето на РСП Кавадарци и на две од СК во Неготино.

Во делот на правната заштита се држани 20 судски расправи пред Основниот суд во Кавадарци.

Посетена е СО на “Фени индустри“ АД Кавадарци, при што се разговараше за мерките кои планира менаџерскиот тим поради намалувањето на цената на никелот. На состанокот во “Фени“ беше присутен претседателот на СИЕР Пеце Ристевски.

## РСП КУМАНОВО

Повеќе активности околу “Тутунскиот комбинат“ – Куманово, претпријатие во стечај. Одржани се неколку состаноци, на кои на вработените им се изготвени пријави за побарувања. Кон крајот на месец мај е одржано судско рочиште, на кое присуствуваше секретарот на РСП. Поради тоа што е поставен нов стечаен управник рочиштето е одложено, но со стечајниот управник е договорена средба за понатамошните активности.

Одржана е средба во “Пол пласт“ – Куманово.

Интервенции и правна помош приговор за вработен во ЈП “Чистота и зеленило“, кој е член на Претседателството на СУТКОЗ. Работникот е прераспределен на друго работно место и за тоа е изготвен приговор до Управниот одбор.

## СК ПРОБИШТИП

Во текот на месецот со претседателот на АГРО Синдикатот Живко Даневски посетен е Хидросистемот “Злетовица“. Разговарано е околу изборот на нов претседател на СО, поради заминувањето на досегашниот. Во рамките на посетата остварена е средба со претседателот на Земјоделскиот синдикат на Источна Македонија, при што е разговарано за взаемна соработка.

Во неколку организации од регионот постојано течат разговори за нови зачленувања.

## СК РАДОВИШ

При разговор со претседателот на СО на претпријатието “Голд Мак“, кое доби нов сопственик, констатирано е дека процесот на работа се одвива добро и дека нема повреди на работни и синдикални права. Истите заклучоци се константирани при посетата на СО на подружницата на ЈП “Македонски шуми“.

Работниците во овие две претпријатија, како и други членови, се интересираа за Законот за мобинг. Од страна на канцеларијата е ветено дека ќе бидат доставувани сите информации околу законот.

## РСП СКОПЈЕ.

Контакти и консултации во Градското собрание на град Скопје околу два предмета: зачленувањето на тамошните вработени и идни активности за формирање Локален Економско – социјален совет на ниво на градот.

Одржана е работна средба со вработените во АД “ЗУАС“, околу проблемот на неисплатените плати и придонеси за неколку месеци.

Посета на претпријатија кои припаѓаат кон АГРО Синдикатот, со цел поделба на информативните материјали.

Учество на два семинари на тема “Евалуација на програмата за практикантство и вработување“.

## СК СТРУМИЦА.

На 30 мај е одржан состанок на Локалниот економско – социјален совет, на кој присуствуваа претставници на работодавачите и на младите невработени лица. Тема на состанокот беше “Учење преку работа – практикантство со менторирање“. На средбата е претставен водичот “Зошто и како да организирате практиканство“.

Со претседателот на АГРО Синдикатот посетени се претпријатието за конзервирање “Денгина“ и „Агро комерц 92“ во Струмица, каде со раководството е разговарано за формирање синдикални организации.

Со АГРО Синдикатот исто така се посетени АД “Грозд“ и АД “Струмица табак“, каде со претседателите на синдикалните организации и менаџерите се разговараше околу потпишување колективен договор на ниво на работодавач.

## РСП ТЕТОВО

Посетено е претпријатието “Жито Полог“ - АД Тетово, при што се разгледуваше состојбата во мелничката индустрија и се разговараше за начини за решавање на проблемите. Во склоп на посетата беше извршен разговор со менаџерот на претпријатие, при што е разговарано за нелојалната конкуренција, која не плажа даноци и се јавува како конкурент со пониски цени.

Во АД “Тетекс“, со претседателот на СО Љупчо Радески, се вршат преговори за зачленување на вработените од “ЕТКО“ и “Тетекс Јарн“ во синдикалната организација на “Тетекс“. Предност е што двете комопании се лоцирани во кругот на “Тетекс“.

## СК ГОСТИВАР

На 14 мај е одржана средба во СК со Синдикалната организација на МТСП. Разгледани се актуелната сотојба во синдикалните организации кои припаѓаат на Синдикатот УПОЗ и можностите за нови вработувања.

## СК КИЧЕВО

Одржани се средби со СО на Основниот суд во Кичево и Фондот за здравствено осигурување, околу актуелните проблеми и нови зачленувања.


## Контакт

Благојче Крстевски, стручен соработник за информирање на ССМ

Тел/факс 02/3226-937

E mail: b.krstevski@ssm.org.mk